КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

ИДНИНАТА, ДЕНЕС!

www.kbprvo.com.mk



# МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ДВИЖЕЊА

**Март 2023**

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
www.mapas.mk 02/3224-229

# ГЛАВНИ ДВИЖЕЊА НА СВЕТСКИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ НА КАПИТАЛ

Откако месецот започна со пад на пазарите на капитал поради пропаѓањето на неколку регионални банки во САД и принудното преземање на Credit Suisse, пазарите остварија голем раст во втората половина на март, со кој остварија позитивен принос на месечно ниво. Технолошките компании остварија најголем раст во текот на месецот, пред се поттикната од очекувањата на аналитичарите за олабавување на монетарната политика односно прекинување на трендот на пораст на каматните стапки.

Глобалниот индекс MSCI ACWI во текот на месец март порасна за 2,82%, додека од почетокот на годината оствари раст од 6,84%.

Од почеток на годината сите региони имаат значителен раст, при што најголем раст имаат европските акции мерени (мерени преку STOXX 600 индексот) и американските акции (прикажани преку S&P 500 индексот) со раст од 7,75% и 7,03% соодветно.




**MSCI Asia - Pacific -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 13 земји од регионот Азија-Пацифик

**MSCI Emerging Market -** Индекс кој ги следи движењата на акциите во 24 земји во развој

**STOXX 600 -** Европски индекс на акции (котираат во 17 европски држави)

**S&P 500 -** Индекс на акции на 500 американски компании со најголема пазарна капитализација

**MSCI ACWI -** Светски индекс на акции кои ги следи цените на акциите во 47 држави

*Извор: Блумберг*

# ДВИЖЕЊЕ НА МБИ 10 ИНДЕКСОТ

Позитивен тренд како странските берзи имаше и МБИ-10 индексот, кој во текот на месецот порасна за 0,73%, со кој вкупниот раст од почеток на годината достигна 3,38%. Во текот на месецот најголем пад имааше Уни Банка со пад од 4,14% и ТТК Банка со пад од 1,39%, додека најголем раст имаа НЛБ Банка Македонски Телеком со раст од 4,29% и 2,98% соодветно. Од почеток на годината најголем раст имаше Уни Банка со раст од 22,33% , додека најголем пад од 5,81% оствација акциите на Гранит.




*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ПРИНОСИ НА ОБВРЗНИЦИ

Зголемувањето на стравот од рецесија заради појавата на банкарската криза и умереното смирување на инфлацијата, доведе до намалување на приносите на обврзниците особено на државните.

На крајот на месецот, највисок принос од анализираните обврзници има македонската со принос од 6,48%, додека јапонската десетгодишна обврзница како и претходно има најнизок принос од 0,35%.




** Приносот се однесува на евро обврзница со датум на доспевање со 03/10/2028*
*Извор: Блумберг*



# ДВИЖЕЊА НА ДЕВИЗНИТЕ ПАЗАРИ

Во текот на месец март најголем раст во однос на еврото имаа швајцарскиот франк (CHF) со раст од 0,43% , додека значителен пад имаа австралискиот долар (AUD) со пад од 3,10% и руската рубља (RUB) со пад од 5,56% .

Од почеток на годината, раст во однос на еврото имаше само британска фунтата (GBP) која ја зголеми вредноста за 0,70%, додека најголем пад имаа руската рубља и австралискиот долар чија вредноста се намали за 5,56% и 3,14% соодветно.






*Извор: Блумберг*